Уп. бр. 08-149

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и („Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ со регистрирано седиште во Мадрид, Ц/ Циготиа 1 – Полигоно Индустриал Лас Мерцедес, 28022, Шпанија доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 27.11.2024 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ со регистрирано седиште во Мадрид, Ц/ Циготиа 1 – Полигоно Индустриал Лас Мерцедес, 28022, Шпанија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Дон Дон претпријатие за производство и трговија д.о.о. со регистрирано седиште на Гасилска цеста 2, 1290 Гросупље, Словенија, по пат на купување на целата основна главнина на целното друштво, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 08.11.2024 до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ со регистрирано седиште во Мадрид, Ц/ Циготиа 1 – Полигоно Индустриал Лас Мерцедес, 28022, Шпанија, со која ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ ќе стекне самостојна контрола над друштвото Дон Дон претпријатие за производство и трговија д.о.о. со регистрирано седиште на Гасилска цеста 2, 1290 Гросупље,

Словенија.

Со стекнување на конттрола над Дон Дон претпријатие за производство и трговија д.о.о. ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ ќе стекне и индиректна контрола над:

- ДОН ДОН д.о.о. Белград (DON DON d.o.o. Beograd), со регистрирано седиште на Змајева 12в, 11080 Земун, Србија,

-ЖИТО ДОН д.о.о. (ŽITO DON d.o.o.), со регистрирано седиште во Белград, Змајева 12в, 11080 Земун, Србија,
-ЖИТОПЕК а.д. (ŽITOPEK a.d.), Ниш, со регистрирано седиште на Димитрија Туцовиќа 51, Ниш, Србија,
-ДОН ДОН д.о.о. (DON DON d.o.o.), со регистрирано седиште на Долназелинска улица 179, 10382 Долна Зелина, Хрватска („Дон Дон Хрватска"),
-ДОН ДОН д.о.о. Подгорица (DON DON d.o.o. Podgorica), со регистрирано седиште на Ново Село бб, Даниловград, Црна Гора, („Дон Дон Црна Гора"),
-ДОН ТРЕЈД друштво со ограничена одговорност (DON TRADE društvo sa ograničenom odgovornošću), со регистрирано седиште на Рамиќи бб, 78102 Бања Лука, Босна и Херцеговина, ,
-Друштво за производство, трговија и услуги ДОН ДОН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Лондонска бр.19-локал 29/ Скопје – Карпош, Северна Македонија, („Дон Дон Северна Македонија"),
-ДОН ДОН ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ (DON DON SPÓŁKA Z OGRANICZONĄ ODPOWIEDZIALNOŚCIĄ), со регистрирано седиште на Улица Звирки и Вигури 16Б, 02.092 Варшава, Полска,
-ДОН ДОН с.р.о. (DON DON s.r.o.), со регистрирано седиште на Рибна 716/24, Старе Место, 110 00 Праха 1, Република Чешка,
-ДОН ДОН ГЛОСБЕ КФТ (DON DON GLOSBE KFT), со регистрирано седиште на ВАЦИ ут 16.фсзт.12, 1132 Будимпешта, Унгарија,
-ДОН ДОН БУГАРИЈА ЕООД (DON DON BULGARIA EOOD), со регистрирано седиште на булевар Витоша 25, Општина Средец, кат 1, Канцеларија4 Софија, 1000 Бугарија,
-Дон Дон Комерциал СРЛ Романија (Don Don Commercial SRL Romania), со регистрирано седиште на улица 8 Фригулуи, Букурешт, 4-ти дистрикт, Романија и
-Дон Дон Грција Монопросопи И.К.Е. (Don Don Greece Monoprosopi I.K.E.), со регистрирано седиште на Г'Септемвриоу 8, 10432, Атина, Грција, по пат на купување на целата основна главнина на целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**ББ Глобал Инвестинг Холдинг СЛУ** е холдинг друштво кое дејствува во 19 држави, и врши активности на холдинг друштва. ББ Глобал Инвестинг Холдинг

СЛУ е зависно друштво во целосна сопственост на ГРУПО БИМБО С.А.Б. ДЕ Ц.В.

Групо Бимбо е мексиканско мултинационално пекарско друштво активно низ Америка, Европа, Азија и Африка. Групо Бимбо е моментално присутно во следниве држави членки на Европската унија: Франција, Шпанија, Португалија, Романија, Италија и Финска.

Групо Бимбо е активно во производство и продажба на: Коцкаст сечен леб, земички и питки ,пецива, торти, колачи, тост, англиски мафини, ѓевреци. тортиљи и друг тенок леб; и солени грицки.

Најпознати светски брендови на Групо Бимбо се Бимбо (Bimbo®), Такис (Takis®), Маринела (Marinela®), Сара Лее (Sara Lee®), Ентенманнс (Entenmann's®), Барсел (Barcel®), Оровеат (Oroweat®), Тиа Роса (Tía Rosa®), Демпстерс (Dempster's®) и други.

Групо Бимбо има 223 пекари и фабрики и повеќе од 1.600 продажни центри кои се стратешки лоцирани во 35 држави.

Произведува над 9.000 производи и има една од најголемите директни дистрибутивни мрежи во светот, со повеќе од 58.000 рути и над 152.000 соработници.

Групо Бимбо нема регистрирано присуство во Северна Македонија и не нема оствареноприход  во Северна Македонија во 2023 година.

**-Дон Дон Групацијата** (Дон Дон претпријатие за производство и трговија д.о.о. и неговите зависни друштва) претставува група на пекарски друштва кои функционираат во Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Бугарија, Романија, Хрватска, Република Чешка, Полска, Унгарија, Грција, Германија, Италија, Словачка, Холандија, Летонија и Шпанија. Досега, Дон Дон има инвестирано повеќе од  100 милиони ЕУР во развојот на пекарската индустрија на пазарите во кои работи. Продажната програма на Дон Дон Групацијата вклучува свеж леб, пекарски печива, фини печива, пржени колачи, специјални видови леб и печива со продолжен рок на траење, палета на производи за печење на продажното место и други замрзнати производи.

Дон Дон Групацијата има само едно зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за производство, трговија и услуги ДОН ДОН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Лондонска бр.19 –локал 20 скопје. Дон Дон Северна Македонија е основано во 2022 година од страна на Дон Дон Србија како единствен содружник, со регистрирана приоритетна дејност трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер. Дон Дон Северна Македонија нема фабрика за производство во Северна Македонија и е активно само во увоз и дистрибуција на прехранбени (пекарски) производи во Северна Македонија, кои се произведени од Дон Дон Групацијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**